USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

МАКЕДОНСКИ
ЦЕНТАР ЗА
МЕЃУНАРОДНА
СОРАБОТКА

# ДЕМОГРАФИЈА НА КОРУПЦИЈАТА:

## ПОГЛЕД КОН ЗАРОБЕНАТА ДРЖАВА

USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

МАКЕДОНСКИ
ЦЕНТАР ЗА
МЕЃУНАРОДНА
СОРАБОТКА

# ДЕМОГРАФИЈА НА КОРУПЦИЈАТА:

## ПОГЛЕД КОН ЗАРОБЕНАТА ДРЖАВА

ТМ
ТРАНСПАРЕНТНОСТ
МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

Издавачи:
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Транспаретност Македонија (ТМ)

За издавачот:
Александар Кржаловски, прв извршен директор, МЦМС
Димче Митрески, извршен директор, МЦМС
Ана Јаневска Делева, извршен директор, ТМ

Автор:
Миша Поповиќ

Лектура:
Даниел Медароски

Дизајн:
Кома

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
Контакт:
МЦМС, адреса: ул. Никола Парапунов бр. 41а
пошт. фах 55, 1060 Скопје;
тел.: +389/2/3065-381; факс: +389/2/3065-298
е-пошта: mcms@mcms. mk; веб-страница: www.mcms.mk.
Scribd: http://www.scribd.com/people/documents/2996697
SlideShare: http://www.slideshare.net/mcms_mk
Facebook: http://www.facebook.com/mcms.mk
Twitter: http://twitter. com/mcms_mk

Мислењата што се изразени овде им припаѓаат на авторот и не ги одразуваат ставовите на Македонскиот центар за меѓународна соработка.

Сите права се задржани. Репродуцирање, копирањето, трансмисијата или преводот на било кој дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на било кој начин без наплата единствено за едукативни намени. За копирање во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

Во електронска форма публикацијата е достапна на www.mcms.mk

Публикацијата е овозможена со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во рамките на Програмата на УСАИД за антикорупција. Содржината на публикацијата е одговорност на авторот Миша Поповиќ и не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави.

# СОДРЖИНА

Вовед........................................................................................1
Индекси на корупција ..........................................................................2
Препознавање корупција ......................................................................3
Толеранција на корупција.....................................................................4
Подложност на корупција .....................................................................5
Ниво на корумпираност на средината.....................................................6
Коруптивен притисок ...........................................................................6
Вклученост во корупција ......................................................................7
Кон „заробената држава“......................................................................9
Заклучоци и препораки .......................................................................10
Библиографија ...................................................................................12

# ВОВЕД

Мерењето на распространетоста на корупцијата преку анкетни истражувања претставува основа за отпочнување активности со кои ќе се оценува успешноста на антикорупциските активности во општеството. Во таквите истражувања потребно е да се мерат три основни сфери: перцепцијата за распространетоста на корупцијата, праксата и вклученоста во корупција и ставовите на населението по овој феномен.

Имајќи информации за овие три аспекти, можеме да конструираме три основни заклучоци. Преку вклученоста го мериме минималниот опфат на корупцијата во едно општество.[1] Со тоа, можеме да обезбедиме конзервативна процена за тоа колку граѓани биле вклучени во корупција, односно колку таа е распространета. Преку перцепцијата се добива поширока слика, каде испитаниците го искажуваат својот став за тоа во колкав обем гледаат или мислат дека институциите не функционираат онака како треба – во функција на јавниот интерес. Преку ставовите на населението за одредени форми на корупција, можеме да видиме во која мера таа е „нормализирана" како општествена пракса – односно во колкава мера коруптивното дејствување е прифатено и толерирано.

Меѓутоа, при анализите кои произлегуваат од ваквите истражувања, особено е важно да се согледаат низ призмата на демографските категории за да се воочи дали во различен обем корупцијата влијае на различни групи. На тој начин, за различните аспекти на корупцијата може да се идентификуваат групи со различно ниво на ранливост. Истовремено, информативно е и доколку се воочи дека корупцијата влијае на различни групи на сличен начин. Во првиот случај, може да се дизајнираат активности кои ќе ја подобрат состојбата за специфични групи. Во вториот случај, тоа би значело дека сѐ уште сме на ниво кога со „широки потези" треба да се посочат проблемите.

Основа за оваа анализа е анкетното истражување за корупција спроведено од Македонскиот центар за меѓународна соработка на почетокот на 2014 година.[2] Ова истражување, базирано на системот за следење на корупција од Центарот за студии на демократијата од Софија, претставуваше основа за изработка на Извештајот за процена на корупцијата (Нурединовска et al., 2014). Една од главните придобивки на оваа методологија е збирот на резултатите во индекси на корупцијата со кои на олеснет начин се анализираат резултатите поделени во шест различни димензии на феноменот на корупцијата.

1 Минимален бидејќи во анкети испитаниците секогаш не ќе ја пријават целокупно нивната вклученост во коруптивни истражувања. Тоа е така бидејќи има одредена доза на страв, но и желба испитаниците себеси да се прикажат во подобро светло.

2 Истражувањето е спроведено од агенцијата ТИМ Институт. Примерокот е репрезентативен на национално ниво со големина од 1.210 испитаници. Анкетирањето е спроведено во периодот јануари-февруари 2014 година. Критериуми за репрезентативност се: пол, возраст, етничка припадност, место на живеење и регион.

# ИНДЕКСИ НА КОРУПЦИЈА



Индексите претставуваат збирен преглед на повеќе индикатори кои ги прикажуваат перцепциите, искуството и праксата на испитаниците поврзана со корупција. Таквиот збирен преглед овозможува збир на резултатите кои индикатор по индикатор се расцепкани низ повеќе прашања во истражувањето и се однесуваат на поединечни димензии на корупцијата.

Оттука, се овозможува поедноставен и збирен преглед за следниве димензии:

1. **Препознавање корупција;**
2. **Толеранција на корупцијата;**
3. **Подложност на корупција;**
4. **Степен на корумпираност на средината;**
5. **Искуство со притисок за корупција;**
6. **Вкученост во корупцијата.**

# ПРЕПОЗНАВАЊЕ КОРУПЦИЈА

**Резултатите од истражувањето покажуваат дека иако 61% од граѓаните имаат висока способност да препознаат корупција, дури 11% од граѓаните имаат ниска способност, а 28% имаат умерена способност**

Индексот на препознавање на корупцијата мери во колкава мера испитаниците се способни да препознаат дека одредено однесување претставува корупција. На испитаниците им се понудени 11 ситуации, од кои сите претставуваат корупција во некаква форма. Доколку повеќето од овие ситуации се препознаени како корупција, индексот ќе биде повисок и означува висока способност на испитаниците да согледаат дека одредено однесување е коруптивно.

Резултатите од истражувањето покажуваат дека иако 61% од граѓаните имаат висока способност да препознаат корупција, дури 11% од граѓаните имаат ниска способност, а 28% имаат умерена способност.[3]

Ова покажува дека не е занемарлив бројот на граѓаните кои во својата интеракција со јавните институции (на пример: здравство, образование, административни услуги) ниту на почеток нема да го идентификуваат однесувањето на службениците како корупција, туку го подразбираат како нормално. Или со други зборови, во случајот не се работи за прифатена или препознаена култура на коруптивно однесување, туку за недостаток за свесност дека тоа воопшто се случува.

Обемот на овој проблем не е мал. Резултатите покажуваат дека во секојдневната интеракција со јавните услуги на општеството, безмалку 174 илјади граѓани ќе имаат ниска способност да препознаат кога учествуваат во корупција. Дополнителни 442 илјади ќе имаат умерена способност.[4] Во реалноста тоа овозможува значителен дел од годишните трансакции на јавни услуги каде има корупција да поминат незабележано од оние кои се жртви во тие случаи.

**Табела 1: Препознавање корупција (категоризирано)**

| | | % |
|---|---|---|
| Ниво на свесност за коруптивно однесување | ниско | 11 |
| | умерено | 28 |
| | високо | 61 |
| | Вкупно | 100 |

Понатамошната демографска анализа покажува две интересни појави кога се разгледува како различните социјални групи се справуваат со иденфитикацијата на корупцијата.

3 Категоризацијата на „ниска, умерена, висока“ способност е направена со бодирање. Од 11 примери на корупција, оние што препознале до 3 имаат ниска способност, умерена имаат оние што препознале помеѓу 4 и 7, а висока оние што препознале над 7 примери..

4 До проекциите се доаѓа вметнувајќи ги добиените проценти од истражувањето на полнолетната популација на РМ според процените на население за 2013 г. на Државниот завод за статистика.

Постои поврзаност помеѓу нивото на образование и приходите и способноста да се препознае коруптивната пракса. Граѓаните со пониско ниво на образование, особено оние без никакво или со основно образование, во помал обем ја препознаваат корупцијата. Така, висока способност за идентификација на корупција имаат 50% од оние со ниско ниво на образование, што е значително помалку во споредба со 65% од оние со средно и 68% од оние со вишо или со високо.

На сличен начин, граѓаните со пониски приходи во помал обем ја препознаваат корупцијата. Резултатите покажуваат дека 19% од испитаниците со приходи до 100 евра имаат ниско ниво на способност за идентификација на коруптивно дејствување, а таквото ниво во обем опаѓа кај испитаниците со повисоки примања од 13% кај оние со приходи помеѓу 101 и 200 евра, па сè до 5% кај оние над 700 евра месечни приходи.

Другите демографски категории не покажуваат поврзаност со способноста да се препознае корупција. Така, возраста, полот и позицијата која ја заземаат на општествената мапа не може да биде употребена да се предвиди дали граѓаните ќе бидат повеќе способни да препознаат корупција. Тоа што е интересно е дека испитаниците кои се сопственици на компании или пак раководат со луѓе не се посвесни за корупцијата, отколку другите, односно не постојат значајни разлики помеѓу овие две групи на луѓе.

**19% од испитаниците со приходи до 100 евра имаат ниско ниво на способност за идентификација на коруптивно дејствување, а таквото ниво во обем опаѓа кај испитаниците со повисоки примања од 13% кај оние со приходи помеѓу 101 и 200 евра, па сè до 5% кај оние над 700 евра месечни приходи**

# ТОЛЕРАНЦИЈА НА КОРУПЦИЈА

**Највисоко ниво на толеранција на корупција имаат граѓаните помеѓу 40 и 49 години, каде 52% од оваа возрасна група има развиено прифатливост, што е значително различно од вкупниот резултат, но и од генерациите помеѓу 30 и 39, и 60 и 69 години**

Индексот на толеранција на корупцијата претставува мерило за тоа колку за испитаниците е прифатливо пратеници или службеници во министерства или општини да прифатат мито во неколку различни прикажани ситуации. Иако во ниту еден момент не е спомната корупција или подмитување во прашањата, сите понудени примери претставуваат недвосмислена форма на корупција.

Според резултатите, дури 45% од граѓаните се толерантни кон корупцијата, односно за барем некои од димензиите на подмитување на службеници сметаат дека се прифатливи.[5] Најраширено прифатливи (над 30%) се подмитувањата во форма на бесплатен ручек за да се заврши личен проблем. Ова сугерира дека во Македонија постои раширена можност за практикување на корупцијата дури и тогаш кога имлицитно е препознано дека постои. Тоа е така бидејќи за одредени форми на корумпирање високи државни службеници за граѓаните е прифатливо како начин на дејствување.

Највисоко ниво на толеранција на корупција имаат граѓаните помеѓу 40 и 49 години, каде 52% од оваа возрасна група има развиено прифатливост, што е значително различно од вкупниот резултат, но и од генерациите помеѓу 30 и 39, и 60 и 69 години. Кај овие возрасни групи се забележува помала распространетост на толеранцијата, односно таа е изразена со 39% и 37% соодветно.

Табела 2: Толеранција на коруптивна пракса

| | % |
|---|---|
| Не толерира | 55 |
| Толерира | 45 |
| Вкупно | 100 |

Истовремено, групите со средни примања (200-400 и 401-700 евра) покажуваат повисоко ниво на прифатливост на корупцијата во споредба со другите групи со помалку или повеќе приходи. Во рамките на првата група, 46% имаат развиено некакво ниво на толеранција, а кај втората група тоа е распространето кај 50%.

5 Самиот индекс има вредности од 0 до 8, каде 0 значи дека за испитаничката ниту еден пример не бил прифатлив, додека 8 значи дека сите примери на корупција биле прифатливи. Во табелата 2 се прикажани според категории каде доколку во ниту еден случај не било прифатливо, тогаш се смета дека испитаничката нема толеранција за корупција, додека доколку еден случај бил прифатлив, тогаш испитаничката има толеранција.

# ПОДЛОЖНОСТ НА КОРУПЦИЈА

Индексот на подложност на корупција го мери степенот до кој испитаниците би се однесувале корумпирано доколку имаат проблем и сакаат да го решат и доколку се најдат на позиција на моќ – како јавен службеник.

Според истражувањето, дури 33% од граѓаните се подложни на корупција, односно доколку имаат проблем би подмитиле, а доколку се најдат во функција на јавен службеник, би завршиле некому услуга спротивно на јавниот интерес. Исто толку граѓани демонстрираат мешано однесување, односно или би постапиле корумпирано во улога на службеник или пак би се обиделе да поткупат за да решат свој проблем.

Табела 3: Подложност на корупција

| | % |
|---|---|
| Подложни | 33 |
| Не се подложни | 27 |
| Мешано однесување | 33 |
| **Вкупно** | **93** |
| Не одговориле | 7 |

Тргнувајќи од овие податоци, се забележува дека човечкиот капитал кој не е подложен на корупција во Македонија е сведен на нешто повеќе од 426 илјади граѓани, доколку резултатите се проектираат на целокупното полнолетно население. Наспроти ова, стојат повеќе од 521 илјади граѓани кои во секој случај би примиле поткуп и работеле за приватен интерес и уште исто толку луѓе кои би го правеле или едното или другото. Збирно гледано, повеќе од 1 милион граѓани на Македонија би учествувале во корупција на еден или на друг начин.

Дополнителната демографска анализа покажува дека полот и возраста на испитаниците се поврзани со подложноста на корупција.[6] Мажите се повеќе подложни на корупција во споредба со жените. Така, 39% од мажите би учествувале во корупција доколку имаат таква шанса, наспроти 32% од жени. Мешано однесување покажуваат 37% од мажите, наспроти 34% од жените. Отпор кон корупција имаат 23% од мажите и 34% од жените.

Кај возрасните групи се забележува дека помладите генерации се повеќе подложни на корупција. Така, 42% од оние до 29 години се подложни на корупција, 39% од оние до 39 и 42% од оние до 49 години. Како што оди во нагорна линија возрасната група, така се намалува подложноста, од 31% кај оние помеѓу 50 и 59 години и до 17% кај оние со 70 и повеќе.

**повеќе од 521 илјади граѓани кои во секој случај би примиле поткуп и работеле за приватен интерес и уште исто толку луѓе кои би го правеле или едното или другото. Збирно гледано, повеќе од 1 милион граѓани на Македонија би учествувале во корупција на еден или на друг начин**

6 Процентите кои следуваат се однесуваат на 93% од испитаниците.

# НИВО НА КОРУМПИРАНОСТ НА СРЕДИНАТА

Овој индекс ги прикажува перцепциите на испитаниците за тоа какви се очекувањата дека доколку побараат некаква јавна услуга, за тоа ќе им се побара некаква форма на мито. На овој начин, преку очекувањата се прикажуваат перцепциите на испитаниците за тоа колку е распространета корупцијата.

Дури 77% од граѓаните очекуваат дека средината е корумпирана, односно дека доколку влезат во интеракција со службеници, веројатноста е голема во некој момент да им биде побарано мито или услуга. Наспроти нив, 16% сметаат дека веројатноста да им биде побарано мито е мала, па со тоа сметаат дека средината главно е некорумпирана.

**Табела 4: Ниво на корумпираност на средината (категории)**

| | % |
|---|---|
| Корумпирана | 77 |
| Не е корумпирана | 16 |
| **Вкупно** | **93** |
| Без одговор | 7 |

Истовремено, групите со средни примања (200-400 и 401-700 евра) покажуваат повисоко ниво на прифатливост на корупцијата во споредба со другите групи со помалку или повеќе приходи. Во рамките на првата група, 46% имаат развиено некакво ниво на толеранција, а кај втората група тоа е распространето кај 50%.

# КОРУПТИВЕН ПРИТИСОК



Индексот на коруптивен притисок претставува мерило на тоа во колкав обем при контакти со јавните служби на граѓаните им било побарано мито или услуга, или им било на некој начин укажано дека такво нешто се очекува. Овој индекс претставува виктимизирачки индекс, односно наместо перцепција, мери искуство со корупција. Во таа смисла, тој може да се користи за проекции на обемот на корупција во земјата.

Резултатите покажуваат дека 26% од граѓаните имаат искуство со притисок од корупција. Значи во својата интеракција со администрацијата, на повеќе од една четвртина од сите граѓани им било побарано, или пак им било навестено дека се очекува некакво мито или противуслуга. Ова укажува на широкораспространета корупција која притиснала повеќе од 400 илјади граѓани во 2013 година.[7]

Доколку се анализираат само процентите на оние што имале контакт со администрацијата, се добива вистинскиот впечаток. Повеќе од половина од граѓаните (56%) кои имаат интеракција со јавните службеници се притиснати од корупцијата. Илустрирано преку пример – од секои два граѓани кои чекаат на ред да добијат услуга (пр. шалтер, лекар и сл.), на еден му се бара (имплицитно или експлицитно) мито.

**Табела 5: Искуство со притисок од корупција**

| | % | % од оние со контакт |
|---|---|---|
| Без притисок | 20 | 44 |
| Искуство со притисок | 26 | 56 |
| Вкупно | 46 | 100 |
| Без контакт со администрацијата | **52** | |
| Без одговор | 2 | |

Подлабоката анализа покажува дека притисокот за корупција не е поврзан со ниту една демографска група специфично. Ова е резултат на раширеноста на оваа појава. Така, на пример, разликите кои се забележуваат на изложеноста од коруптивен притисок помеѓу групите се мали. Според тоа, не може да се каже дека има поврзаност со припадноста во определена група и изложеноста на притисокот од корупција.[8] Или со други зборови, притисокот од корупција е

7 Проекција добиена внесувајќи го процентот врз целокупното полнолетно население според ДЗС.

8 За да се потврди дали разликите се сепак значајни, потребно е истражување на поголем примерок.

толку раширен, што во овој момент истражувањето покажува дека ги погодува сите групи со сличен обем.

Бројот на испитаници изложени на притисок од поединечни типови на јавна служба не дозволува генерализирање на заклучоците. Сепак, од тоа што може да се забележи, податоците сугерираат дека различни типови службеници на различен начин ги притискаат граѓаните да се вклучат во корупција. Така, на пример, повеќе машки од женски испитаници кажале дека полицаец им побарал мито. Судските и општинските служби ги притиснале повеќе испитаниците кои се сопственици на бизнис или раководители, отколку другите. Според искуството на испитаниците, учителите ги притискаат за корупција оние со најниски и со највисоки примања.Кај возрасните групи се забележува дека помладите генерации се повеќе подложни на корупција. Така, 42% од оние до 29 години се подложни на корупција, 39% од оние до 39 и 42% од оние до 49 години. Како што оди во нагорна линија возрасната група, така се намалува подложноста, од 31% кај оние помеѓу 50 и 59 години и до 17% кај оние со 70 и повеќе.

# ВКЛУЧЕНОСТ ВО КОРУПЦИЈА



Индексот на корупција е показател на бројот на испитаници кои учествувале во коруптивна трансакција, односно подмитиле јавен службеник преку мито, подарок или противуслуга. Овој индекс е втор виктимизирачки индекс на ова истражување и претставува најзначајното мерило на корупцијата. Тоа е така бидејќи не се базира на перцепција и е мерило на коруптивната пракса каде постои вклученост во корупција, а не само притисок.

Анализата покажува распространета пракса на корупција. Секој петти граѓанин во оваа земја (21%) на еден или на друг начин подмитил јавен службеник во 2013 година. Доколку се анализира само од оние што во таа година имале контакт со администрацијата, се добива дека 47% од нив дале мито што повторно претставува значајна бројка – безмалку секој втор граѓанин морал да даде мито за да добие услуга. Доколку се проектираат овие проценти во бројки, повеќе од 331 илјади граѓани таа година дале мито, што значи дека во 2013 г. имало барем исто толку „трансакции“ на подмитување.

**Секој петти граѓанин во оваа земја (21%) на еден или на друг начин подмитил јавен службеник во 2013 година**

Табела 6: Вклученоствокорупција

| | % | % од оние со контакт |
|---|---|---|
| Не дале мито | 24 | 53 |
| Дале мито | 21 | 47 |
| Вкупно | 45 | 100 |
| Без одговор | 2 | |
| Без контакт со администрација | 52 | |

И во овој случај, широката распространетост на корупцијата покажува дека не постои значајна врска помеѓу вклученоста во корупцијата и припадноста кон одредена специфична демографска група. Тоа значи дека жртви на корупцијата во сличен обем се сите демографски групи, без разлика на степенот на образованието, месечните приходи, полот или пак социјалното скалило на кое се наоѓаат граѓаните.

Дополнително, малиот број испитаници вклучени во корупција не дава можност за генерализации на ниво на специфични групи. Сепак, тоа што може да се забележи, повторно на ниво на испитаници, е дека постои разлика помеѓу вклученоста во корупција на најсиромашната група на испитаници која во нешто поголем обем е жртва на корупција.

Истовремено, оваа група на испитаници демонстрирала и најмал отпор кон коруптивен притисок. Од сите припадници на оваа група на кои им било побарано мито, само 20% успеале да одолеат на тој притисок, додека овој отпор се зголемува со пораст на приходите и е најголем кај најбогатата група и изнесува 33%.[9] Истражување со поголем број испитаници можеби ќе го потврди овој заклучок, односно ќе овозможи генерализација.

Кога сме кај отпорот кон корупција, на ниво на оние што имале контакт со администрација,[10] резултатите покажуваат дека само 22% од оние што се притиснати кон корупција одолеваат на притисокот. Од друга страна, 9% од оние што немаат притисок за подмитување, сепак се одлучуваат тоа да го сторат.

9 Се работи за резултати добиени од купно 186 испитаници.

10 Се работи за резултати добиени од вкупно 540 испитаници..

# КОН „ЗАРОБЕНАТА ДРЖАВА“

Овие податоци презентираат една загрижувачка слика која само ја потврдува актуелната политичка состојба. Со аудиоснимките кои ги објави партиската опозиција се обелоденија индиции за раширена мрежа на системски злоупотреби на јавните институции, во антикорупциската литература популарно наречени „заробена држава“. Овој феномен претстатува корупција од високо ниво кој „етаблира сокриен политички режим спротивставен од уставната цел на државните институции“ (Karklins, 2005). Во таа смисла, политичка олигархија го „киднапира“ системот, па така тој не работи веќе за јавниот интерес, туку за приватни интереси. Накратко, „заробена држава“ би можело да се дефинира како систематизирано и долготрајно приватизирање на институциите.

На тој начин, универзалистичкиот принцип врз база на кој го претпоставуваме современото општество и државата – каде сите граѓани имаат еднаков пристап кон јавните услуги, е заменет со партикуларизам. Партикуларизмот претпоставува нееднаков пристап до јавните услуги. Меѓутоа, тоа што е исто така моторна сила на овој феномен е што во партикуларистичките општества граѓаните и не очекуваат подеднаков третман и главниот мотив на нивното дејствување е да бидат во групите кои добиваат повеќе (Mungiu-Pippidi, 2011).

Земајќи ја оваа теоретска рамка, случајот на Република Македонија недвосмислено се сместува во оваа категорија. Снимките укажаа на индиции дека клучни институции како правосудството, министерствата и други јавни институции и сектори како медиуми и образование се приватизирани за интересите на партиски елити од власта.

Меѓутоа, во овој дел интересно е да се види како резултатите од истражувањето се вклопуваат во оваа слика. Во исто време, потребно е да се избега од опасноста резултатите да бидат сфатени како културна основа за воспоставување на системот на „заробена држава“ во кој Македонија во моментов опстојува. Истражувањето ги мери перцепциите и односот кој граѓаните го имаат кон корупцијата. Во тие услови, дел од однесувањето на луѓето го поддржува партикуларистичкиот систем, но дел е и резултат на учење и животна стратегија на опстојување во такви услови. Според тоа, многу е тешко да се донесат причинско-последични заклучоци, а таквиот обид наедно може да биде употребен и како покритие за легитимирање на досегашниот релативен неуспех во борбата против корупцијата.

Според резултатите од истражувањето, повеќе од 710 илјади граѓани имаат изградено некое ниво на толеранција кон корупцијата.[11] Таквата толеранција претставува основа за постоење на состојбата на „заробена држава“ како највисоко ниво на корупција. Толеранцијата кон корупција овозможува репродукција на тој систем. Репродуцирањето се случува преку раширената култура дека на коруптивен и партикуларистички начин се распределуваат јавните услуги и тие правила на игра се прифатени (толерирани). Дури и тогаш кога однесувањето е препознаено како корупција.

**Само 27% од граѓаните во Македонија не покажуваат белези дека се подложни на корупција, додека другите би влегле во корупција доколку се најдат на поволна позиција или имаат проблем кој треба да го решат**

Толеранцијата за корупција претставува основа за зацврстување на можностите за воспоставување систем на „заробена држава“ бидејќи таквото однесување е прифатено како правило. Подложноста на корупција, пак, се надоградува на оваа толеранција и граѓаните оставаат можност коруптивното дејствување да прерасне и во нивно лично однесување како стратегија за решавање нивни или туѓи проблеми. Истражувањето покажа дека само 27% од граѓаните во Македонија не покажуваат белези дека се подложни на корупција, додека другите би влегле во корупција доколку се најдат на поволна позиција или имаат проблем кој треба да го решат.

Високото ниво на перцепцијата за рашireност на корупцијата во околината покажа дека овој индекс се надоврзува на претходните два кои заедно ја опишуваат состојбата на „заробена држава“. Прифатливоста и подложноста кон корупција ја поставуваат основата врз која очекувањата на граѓаните се формулираат. Претпоставувајќи дека корумпираната пракса е воспоставената „игра во градот“, граѓаните со токму такви очекувања пристапуваат кон институциите. Во таа смисла, индексот на ниво на корумпираност како перцептивен индекс ја сугерира и сликата која граѓаните ја имаат за институциите. Таа слика не се состои од имплицитното прашање дали воопшто ќе се иницира корупција, туку кога – односно прашање на време е кога од нив ќе биде побарано нешто дополнително како компензација за завршена услуга.

**331 илјади граѓани во 2013 година дале мито, а отпорот кон притисокот на корупција е 22%, односно еден на секои пет притиснати граѓани одолева на барањето на мито или противуслуга**

Последните два индекси покажаа голема раширеност на корупцијата во пракса. Наспроти перцепцијата за раширеноста на корупцијата, индексот на коруптивен притисок демонстрира дека на секој втор граѓанин кој доаѓа во контакт со администрацијата му се бара некаква форма на мито. Истовремено, резултатите покажаа дека 331 илјади граѓани во 2013 година дале мито, а отпорот кон притисокот на корупција е 22%, односно еден на секои пет притиснати граѓани одолева на барањето на мито или противуслуга.

Сите резултати демонстрираат состојба во која раширената корупција се репродуцира себеси. Обемот кој го зафаќа го афирмира сфаќањето дека е прифатена игра, а раширената толеранција и подложност кон корупција сигнализира дека граѓаните во својата животна стратегија се фокусирани кон трансфер кон привилегираните групи, наместо кон отпор кон коруптивната пракса.

11 Проекцијата е добиена преку внесување на процентот врз проценатa на полнолетно население за 2013 година од ДЗС.

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ



Корупцијата претставува раширен феномен во Република Македонија. Дури 77% од граѓаните очекуваат дека во својата интеракција со јавните институции ќе наидат на корупција. На повеќе од една четвртина од граѓаните им била побарано некоја форма на подмитување, а еден од секои пет граѓани платил мито или дал подарок или противуслуга.

**77% од граѓаните очекуваат дека во својата интеракција со јавните институции ќе наидат на корупција.**

Граѓаните на Македонија покажуваат високо ниво на толеранција кон корупцијата каде 45% од нив ја толерираат оваа пракса во некоја форма. Уште повеќе, само 27% не се подложни на корупција доколку бидат доведени во можност да ползуваат од таква состојба.

Иако ова се широки согледувања, сепак може да се извлечат соодветни препораки за засегнатите страни во борбата против корупцијата.

Имајќи ја предвид раширеноста на феноменот, потребно е постојано следење и мерење на состојбата за да се оцени дали корупцијата расте или опаѓа. Ова се однесува на сите индекси на корупцијата, особено оние што ја покажуваат вклученоста, притисокот и препознавањето на корупцијата.

Ова не се задачи само на невладиниот сектор, кој остварува независно следење на напредокот на борбата против корупција, туку и на јавните институции кои треба да ползуваат од вакви истражувања за да може да лоцираат каде се успешни, а каде треба да инвестираат ресурси за подобрување. Според тоа, потребно е и постојано анкетирање на клиентите на јавните институции со цел да се следи евентуално зголемување на притисокот и вклученоста во корупција при интеракцијата со институцијата. Тоа треба да е вградено во системот на интегритет и во системот на контрола на квалитетот на испорачаните услуги.

Раширеноста на корупцијата која се мери со минимум од 331 илјади трансакции годишно укажува на постоење корупција, не само на највисоко ниво, туку и во сите пониски ешалони. Метафорички кажано, постои корупција низ сите алки на „синџирот на исхрана“.

Покрај проактивните мерки на откривање, државата мора да воспостави систематско следење на имотот на сите јавни службеници. Оваа мерка ќе произведе резултати бидејќи дел од парите кои претставуваат мито завршуваат во џебовите на пониските административни ешалони.

За контрола на високата корупција и демонтирање на „заробената држава“, потребна е политичка волја, но во нејзино отсуство потре-

бен е постојан и одржлив притисок од организирано граѓанско општество кое во наредниот период ќе се занимава скоро исклучиво со ова прашање. Донаторската заедница потребно е да го посочи ова прашање, овозможувајќи им на организациите да ги приспособат своите активности во наредните две до три години, развивајќи набљудувачки механизми кои ќе го следат прогресот на реформи, но и ќе обезбедат систематично рано предупредување и соодветна реакција која ќе има ефекти по политиката.

Спроведување на случаи од висока корупција иницира намалување на корупција на пониски нивоа, но истовремено ја демонстрира неисплатливоста на корумпирано однесување на подолг рок. Тоа е еден од неколкуте начини како да се менуваат подлабоките диспозиции на граѓаните, кои го одредуваат високото ниво на толеранција и подложност кон корупцијата. Имајќи го ова предвид, јавните институции задолжени за контрола на корупцијата мора да ја „најдат“ својата независност и да започнат истрага за корупциски случаи на највисоко ниво.

**Спроведување на случаи од висока корупција иницира намалување на корупција на пониски нивоа, но истовремено ја демонстрира неисплатливоста на корумпирано однесување на подолг рок**

Потешкотиите за препознавање на корупцијата се сигнал упатен кон јавните институции за формулирање информативна содржина за различните форми на корупција која ќе биде лесно достапна во просторот (физички или „онлајн“) каде што доаѓа до интеракција помеѓу службениците и клиентите. Тоа не треба да биде сфатено како временски одредена кампања, туку како долгорочна едукација на службениците и клиентите.

Овие истражувања не можат во сите аспекти да понудат заокружена слика за начините на кои корупцијата влијае на помали и специфични општествени групи. Истражувањата како овие треба да обезбедат широка рамка и откривање на можно специфично влијание врз помали ранливи групи. Распространетоста на корупцијата прави потешкотии во воочувањето на различните начини на кои корупцијата влијае врз нив. Меѓутоа, за да се испитаат овие тенденции и тие да може да се генерализираат, организациите на граѓанското општество треба постојано да работат на приспособување во микростудии со кои ќе се обидат да ја заокружат сликата.

# Користена литература и извори

Karklins, R., 2005. The system made me do it: corruption in post-communist societies. M.E. Sharpe, Armonk, N.Y.

Mungiu-Pippidi, A., 2011. Chasing Moby Dick Across Every Sea and Ocean: Contextual Choices in Fighting Corruption (No. 101232). Hertie School of Governance, Belin.

Нурединовска, Е., Саздевски, М., Ѓузелов, Б., 2014. Извештај за процена на корупцијата во Македонија. Македонски центар за меѓународна соработка, Скопје.

Македонски
центар за
меѓународна
соработка

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека «Св. Климент Охридски», Скопје

343.352(497.7)

ПОПОВИЌ, Миша
Демографија на корупцијата [Електронски извор] : поглед кон «заробената држава» / Миша Поповиќ. - Текст во PDF формат, содржи 20 стр.. - Скопје : Македонски центар за меѓународна соработка, 2015

Начин на пристап (URL): http://www.mcms.org.mk. - Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 20

ISBN 978-608-4681-39-7

а) Македонија - Корупција - Анализа
COBISS.MK-ID 99413514